# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

**Службен гласник на Општина Велес**

Излегува по потреба

www.veles.gov.mk

**Број 20 година LVIII**

**12 декември 2022 година**

**opve@veles.gov.mk**


**Бр.383**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2022 година**

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2022 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 09.12.2022 година.

Број 08- 5323/1
12.12.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр. 5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" 12/06,03/09,18/10,15/14,15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 09.12.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување наградежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2022 година**

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување наградежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила нареден ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-5322/2
12.12.2022 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков с.р

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 95, став 1 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19), а согласно Правилник за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Сл. весник на РМ" бр. 193/16 и 72/2018 ), и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес" бр.12/06, 3/09,18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 09.12.2022 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2022 година**

1.Во Програмата за уредување на градежното земјиште на просторот на Општина Велес за 2022 година („Службен гласник на Општина Велес" бр.19/21, 1/22, 6/22, 11/22 и 13/22) се вршат следните изменувања и дополнувања:

- во табелата Расходи со средства од Буџетот на општина Велес,

Во програма за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес во 2022 година, вкупниот износ 125.960.592,00 денари останува непроменет.

Во подпрограма Ј комунални дејности износот 112.540.592,00 денари останува непроменет

Во подпрограма Ј30 Јавно осветлување, износот 38.267.220,00 денари се брише и се заменува со 42.857.220,00 денари.

Во точка 1 Потрошена електрична енергија, износот од 33.847.220,00 денари се брише и се заменува со 38.437.220,00 денари.

Во подпрограма ЈД0 Изградба и реконструкција на локални патишта и улици износот 30.613.099,00 денари се брише и се заменува со 27.623.099,00 денари.

Во точка 5. Интервентно санирање на нестабилни карпести блокови од страна на граѓани и изведба на заштитни потпорни ѕидови и интервентно бетонирање на улици износот од 800.000,00 денари се брише и се заменува со 400.000,00 денари.

Во точка 6. Изградба и поставување на автобуски постројки во градот и населените места и санација на постоечки износот од 100.000,00 денари се брише и се заменува со 10.000,00 денари.

Во точка 7. Градежни зафати за воведување на еднонасочно одвивање на сообраќај на спој на ул."Архиепископ Михаил" со ул."Љубен Весов" износот од 1.300.000,00 денари се брише и се заменува со 1.200.000,00 денари.

Во точка 8. Изведба или реконструкција на тротоари на ул."Невена Ѓорѓиева Дуња" и др. и прилагодување на тротоарите во централно градско подрачје на пешачките премини за пристап на инвалидизирани лица и др. износот од 2.000.000,00 денари се брише и се заменува со 1.000.000,00 денари.

Во точка 10. Бетонирање или асфалтирање на дел од улици во Населба Речани износот од 1.400.000,00 денари се брише и се заменува со 0,00 денари.

Во подпрограма ЈЛБ И Други комунални услуги (капитални расходи) износот 8.000.000,00 денари се брише и се заменува со 6.400.000,00 денари.

Во точка 1. Инфраструктура во Индустриски зони и Сателитска Населба (асфалтирање на улици во ИЗ УЗУС , ИЗ Мамутчево, улици во сателитска населба Езеро Младост и др.) износот од 8.000.000,00 денари се брише и се заменува со 6.400.000,00 денари.

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Велес".

Број 25-5322/2
12.12.2022 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р

**Бр.384**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Решение за давање согласност на Одлука за отпис и расходување на основни средства на ООУ „Панко Брашнаров" Велес**

Се објавува Решението за давање согласност на Одлука за отпис и расходување на основни средства на ООУ „Панко Брашнаров" Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 09.12.2022 година.

Број 08- 5323/2
12.12.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весникна РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 одСтатутотна Општина Велес ("Сл.гласникна Општина Велес" бр. 12/06, 13/09, 18/10 и 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Советотна Општина Велес на седницата одржана на 09.12.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**задавањесогласностнаОдлука за отпис и расходување на основни средства на ООУ „Панко Брашнаров“ Велес**

1. Со ова Решение се дава согласност за расходување на основни средства на ООУ „Панко Брашнаров“ Велес, согласно Одлуката за отпис и расходување на основни средства со број 02-681/2 од12.08.2022 година донесена од Училишниот одбор,на седница одржана на 11.08.2022 година.

2.Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-5322/3
12.12.2022 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков с.р

| Бр. на акт | | Страница |
|---|---|---|
| 383 | **З А К Л У Ч О К за објавување Заклучок за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2022 година** | 1423 |
| | **З А К Л У Ч О К за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување наградежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2022 година** | |
| 384 | **З А К Л У Ч О К за објавување Решение за давање согласност на Одлука за отпис и расходување на основни средства на ООУ „Панко Брашнаров“ Велес** | 1425 |
| | **Р Е Ш Е Н И Е задавањесогласностнаОдлука за отпис и расходување на основни средства на ООУ „Панко Брашнаров“ Велес** | |

Издавач Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095  Народна банка на РМ
Сметка на буџетски  корисник:  711014100963010
Приходна шифра и програма  725939 - 00